# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

# НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ – ШТИП 2020 ГОДИНА

Кога се дискутира за самиот извештај за работата на Здружението пред се треба да се напомене фактот дека тој пред се базира на целокупните активности кои ги има преземено Здружението во измината 2020година.

Но 2020година е година која ја намали активноста на здружението пред се од фактот што тоа е година кога се прогласи светска пандемија со вирусот ковид 19 што допринесе да се намалат активностите на здружението бидејќи приоритет се наметна заштита на здравјето на пензионерите.

Иако во почетокот на годината се беше во ред се отпочна со редовните активности во месец март веќе уследија здравствените препораки и сите активности на здружението се намалија или се укинаа. Сите закажани екскурзии, манифестации, прослави и друго се откажаа а истовремено дојде и до затварање на клубовите на здружението,.

Во првиот момент од пандемијата здружението веднаш се организираше и преку своите членови во почетокот самостојно направи околу 4000 заштитни маски за лице и набави заштитни ракавици и средства за дезинфекција кои ги подели на своите пензионери преку организирани пунктови.

Како времето одминуваше се приметуваше дека активности од поголем обем не може да се организираат па затоа Здружението во текот на летото изработи еден проект насловен како „Музичко поетски средби„ и на повеќе пати ги организираше истите преку комисијата за култура.

Секако се водеше и ред за другите работи така да сето тоа се заокружи со доделување на повеќе хуманитарни пакети а на крај се доделија и 150 ваучери од аптеката Зегин за набавка на лековите.

Останатите активности здружението ќе бидат презентирани преку работа на телата и комисиите.

**СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

Почнувајќи од највисокото тело на Здружението а тоа е Собранието морам да напоменам дека минатата година Собранието во 2020година одржа две седници и тоа првата во месец март кога се разгледуваше извештајот за работа на здружението и сите негови активности и преземени мерки во текот на 2019година а втората во текот на месец декември 2020година кога и се донесе Програма и финансов План за 2021година.На истите седници се дискутираше за сите проблеми со кои се соочуваше здружението во минатата година но сепак основен проблем беше зачувување на здравствената состојба на пензионерите и секако остана изградбата на новиот пензионерски дом кој веќе неколку години се соочува со забрана за понатамошна градба.,

Секако овој извештај нема, да биде целосен ако не се изврши анализа на работата на сите комисии и тела кои се ангажирани во работата на здружението и тоа пред се од највисокото тело Собранието, Извршниот одбор и комисиите.

Исто така морам да истакнам дека во 2020година се остварени повеќекратни средби со градоначалниците на општините ,Штип г. Благој Бочварски и градоначалникот на општина Карбинци Јордан Насев, како и новиот градоначалник др. Сашко Николов кој стана градоначалник во месец ноември 2020година. Не изостанаа и контакти со странски дипломати, соработка со други Здруженија разни регионални и републички манифестации и ревии Републиката.

**ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ**

Врз основа на член 13 точка 5 од Статутот на Здружението се изработува завршна сметка и финансов извештај кој прво се разгледува на комисијата за економија ,надзорниот одбор,по што оди на разгледување на Извршниот одбор и на крај истиот се усвојува од страна на Собранието на здружението. По потреба во сите комисии и други тела учествува и сметководителот кој дава одредени појаснувања за одредени прашања.

Во 2020година поради позната состојба со пандемијата вкупните приходи на Здружението изнесуваат **3,440,412,00** денари а расходите **2,557,238,00** денари а останува заштедени

средства односно префрлени за 2021година **883,174,00денари**.Ова пред се должи на фактото што поради состојбата сите активности на здружението се намалени или укинати, а сите други активности кои се работеа беа со скромни минимални средства. Повеќе од средствата се пренаменети и со дадени во хуманитарни помош и тоа во износ од 238,889,00денари и покрај тоа има доделувано и хуманитарни пакети и друг вид на помош во прехрана. Останатите трошоци се тековни и тоа материјални трошоци во износ од 1,253 471,00денари,трошкови за договор на дело 800,100,00денари како и персонален данок од 89,950денари а се исплатени и 90,000,00денари за погребнина на членови кои ја земаат погребнината од Здружението. Посетата на бањите е намалена и за тоа се исплатени минимални средства од 22,386.00 денари. Тоа се сумите за приходите и расходите а за се е изготвено табеларен преглед кој е составен дел на извештајот а за дел од членовите има и целосен преглед изготвен по аналитички картици на приходи и расходи кои се достапни на сите членови.

Прилог :табеларен преглед за финансиски извештај за 2020година

**РАБОТА НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР**

Огледало на работата на здружението, е Извршниот одбор кој во текот на 2020година одржа 3 седници каде се донесоа значајни одлуки, пред се во остварување на програмските задачи, кои за жал останаа неисполнети поради состојба но затоа пак средствата се пренаменуваат во заштита на пензионерскиот стандард и здравје, како и одлуки кои се наметнуваат во дадените временски ситуации и конкретни активности на здружението,за одреден специфичен настан.

Најповеќе внимание се посвети на организирање на сите настани со што помал број на учесници а сепак да се исполни и одговори на поставената задача а нескромно е ако се истакне дека сите овие задачи и активности се спроведуваат преку активот на пензионерки и дел од одборите во ограноците за кои уште еднаш искажуваме благодарност за нивниот ангажман.

Во текот на годината се случи и еден немил настан каде дојде до опожарување на една од гарсоњерите сопственост на здружението кој за жал однесе и еден човечки живот ,и зголемување на финасиските издатоци за средување на состојбата со споментата гарсоњера.

**КОМИСИЈА ЗА ЕКОНОМИЈА И СТАНДАРД**

Во текот на 2020година комисијата за економија и стандард работеше во полн состав и во текот на годината одржа 7 состанока на кои се презентираа активностите од обласа на економија и стандард.

Бидејќи секоја година, како најповикана и најодговорна е работата на оваа комисија истата сестрано ги извршуваше своите задачи кои и беа доверени. Пред се истите се ангажираа во решавање на сите проблеми кои ги предизвика пандемијата и истите зедоа активно учество во решавање така да сите предложени активности за здравјето на пензионерите финансиски ги подржуваат а даваат и свои идеи за надминување на состојбата.

Во почетокот на годината како најодговорен проблем кој се наметнува секоја година е разгледувањето на понудите за огревни дрва за пензионерите. Иако со потешкотии сепак огревните дрва за пензионерите беа на време испорачани а за прв пат се ангажираа 6 фирми кои доставуваат дрва. .Останати активности кои ги спроведува ова комисија се разгледувањето на финасискиот извештај за минатата година кој потоа со предлог од комисијата оди на разгледување на извршниот одбор а потоа и на усвојување на Собрание. Секако не изостануваат и останатите активности а тоа се тековното разгледување на барањата за давање на еднократна парична помош која енормно се зголеми и се доделени 55 еднократни помош и 150 ваучери како и други пакети со прехранбени производи.

Бидејќи во текот на годината не се организираа екскурзии и други манифестации комисијата по тој основ имаше намален ангажман.

Во целина оваа комисија пред себе ги исполни сите задачи кои се наметнаа и со ентузијазам дека и оваа година ќе продолжи со таков начин на работа, првенствено на полето на здравствената заштита.

**КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНО ЗАБАВЕН ЖИВОТ-**

Комисијата за култура во 2020година одржа 5 состанока на кои приоритет беше здравствената состојба на пензионерите согласно протоколите па затоа сите активности кои претходно беа планирани со програмата за работа се изменија или целосно укинаа.

Активностите почнаа со доделување на 10 хуманитарни пакети од ротари клубот од Штип кои се дадоа на најзагрозените пензионери.

По покана од ЗП Берово 20 пензионери присуствуваат на заедничко дружење во Берово со пензионери од другите Здруженија. По повод стара нова година 25 пензионери учествуваат на прославата во Македонска Каменица а потоа по покана од ЗП Кавадарци 20 пензионери присуствуваат по повод празникот Свети Трифун во Кавадарци. По ова по покана од Добар сон невладина организација 75 пензионери ја посетија Пониква каде имаа презентација од реномирани презентери.

ЗП Штип за своите членови организираше скромна прослава со 60 пензионери во просториите на Централниот клуб.

Во месец март поради откажување на прославата за 8ми март во просториите на ЗП Штип се организраше прием за претседателките на огранци од активот на жени, при што и се доделија пригодни подароци а истовремено и се поделија околу 300каранфили да ги дадат на пензионерките по своите ограноци. По прогласување на пандемијата се до месец август сите активности се минимизираа а во месец август се изработи еден проект согласно предвидените протоколи под наслов музичко поетски средби на пензионерите каде од повеќе здруженија се повикуваат поети и музичари за изведување на програма. Истата започна со повикување на Зп Велес во клубот во Баби каде вкупно присуствaат 20 члена од двете здруженија а потоа на секои две недели се поканувaат другите здруженија и тоа Лозово во месноста викана Баргала, Радовиш во комплексот на с.Брест, М.Каменица на Исарот,а возвратни посети се направени во Велес со 4 учесника и М. Каменица со 4 учесника.

Исто така ЗП Штип учествуваше и во настапот на регионалните музички манифестации во Лозово со 6 учесника а и како гости во М Каменица на регионалните музички средби.

Претставници од ЗП Штип редовно учествуваат на полагање цвеќе на споменици и бисти кои беа организирани од Здружението поддржувачи на борците од НОВ,и други.

Од користење на други услуги 16 пензионери имаат користење бањски услуги на кои согласно одлуката и се вратени дел од Секако не се изоставија и другите настани и манифестации полагање на цвеќе во соработка со Здружението на борци поприсуство по покана од градската библиотека ,присуство на седници на советото на локалната самоуправа и други настани.

Став е на комисијата дека во моментот следејќи ја целокупната состојба Здружението има сила да се продолжи со мали музичко спортски настапи бидејќи се работи за мали групи не повеќе од 20 лица а притоа се почитуваат сите здравствени протоколи, а воедно се одржува и минимална активност на членовите.

**КОМИСИЈА ЗА СПОРТ**

Во извештајната година 2020 комисијата за спорт одржа 3 состанока на кои пред се на дневен ред се постави проблемот дали ќе се одржат спортските настани или не. Бидејќи се одложија регионалните а со тоа и републичките натпревари на комисијата и остана само да констатира дека во иднина кога ќе се подобрат условите таа ќе ја оправда својата улога и цел.

Во 2020година се одржа само еден ревијален настап во стрелаштво мажи жени со екипата од ЗП Кочани и тоа е целокупната активност на полето на спортот.

Покрај сите овие активности на здружението кои се опфатени во работата на комисиите здружението презема и повеќе хуманитарни активности кои дојдоа до израз со што подобра афирмација на истото, како и предизвик за постигнување на што позначајни резултати во наредниот период.

Благодарност до сите делегати за својот ангажман во доприносот на реализација на активностите во 2020година,затоа што тие ја имаат обврската да ги поделат 150 ваучери како и поголем број на рекламно пропаганден материјал за пензионерите по своите ограноци.

31-12-2020година Претседател на ЗП Штип

Штип м-р Нетков Ристе